СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2014

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2014

**Издавач**
КОАЛИЦИЈА НА МЛАДИНСКИ
ОРГАНИЗАЦИИ СЕГА

**Автор**
Маја Иваноска Крстевска

**Адреса**
Иво Лола Рибар 5
7500 Прилеп, Македонија
E-mail: sega@sega.org.mk
Web: www.sega.org.mk

**Извршен директор**
Зоран Илиески

# СОДРЖИНА

ВОВЕД.............................................................................................................................4
МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА ..................................................................................................6
Проект: „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“....................6
Проект: “Проект за децентрализирана соработка помеѓу регионот на Долна Нормандија – Франција и Република Македонија“ ...........................................................................................9
Проект: “Мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во Македонија” .....................................................................................................................10
Проект: “Промоција на детски права и интеркултурна комуникација“....................................10
МЛАДИНСКО УЧЕСТВО.....................................................................................................12
Проект: “Информирани и вклучени млади“..........................................................................12
Проект: “Македонски Модел на Обединетите Нации” ............................................................14
ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО....................................................................15
Проект: “Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА” - ...........................15
Проект: “Млади без граница“ ..............................................................................................16
Проект: “ИНФО клубови“.....................................................................................................17
ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ........................................................................................21
Меѓународна соработка ......................................................................................................21
Соработка со институции.....................................................................................................21
АДМИНИСТРАТИВНА РАМКА..............................................................................................23
ЗА СЕГА ..........................................................................................................................24

# ВОВЕД

Во 2014 година со поддршка на повеќе донатори (Детската Фондација Песталоци, УНИЦЕФ, Град Скопје, Асоцијација на Агенции за Локална Демократија, Националниот Фонд за Демократија, Генерален Секретаријат за соработка со НВО, Европска Унија - IPA програма и Млади во акција итн.) беше спроведена Годишната Програма на СЕГА за 2014 година.

Во насока на спроведување на детските права, и во 2014 година продолживме со спроведувањето на мониторингот за имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија. Во 20 основни и средни училишта продолживме со примена на моделот дете правобранител и со спроведување на нов модел на избор на Претседател на клас/одделение како и избор на ученички организации.

Во 2014 година беше продолжена соработката со регионот на Долна Нормандија преку спроведувањето на проектот за децентрализирана соработка помеѓу регионот на Долна Нормандија – Франција и Република Македонија.

Во полето на подобрување на младинското информирање во Република Македонија продолживме со спроведување на проектот Младински Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА.

Во 2014 година заедно со Националниот Центар за Услуги во Заедницата (NCCS) од Албанија го имплементиравме проектот „Млади без граници“, финансиран од Европската Унија преку ИПА програмата за Прекугранична соработка Македонија - Албанија. Со спроведување на активности од овој проект ќе промовираме ефективна соработка помеѓу актерите во граѓанското општество кон продуктивен социјален развој во прекуграничниот регион помеѓу Македонија и Албанија.

Преку активностите од годишната програма на СЕГА, во текот на 2014 година, директно беа вклучени 7016 граѓани (претставници на младински организации, општини, основни и средни училишта, национални институции и млади). Во поглед на присутноста во јавноста на СЕГА преку медиумите беа остварени објави во меѓународни, национални или локални медиуми (во вести, гостувања во живо, интервјуа, колумни или натписи во печатени и интернет весници).

Во спроведување на активностите од Годишната програма за 2014 година беа вклучени 8 полноправни организации - членки на СЕГА:

- Волонтерски Центар Скопје,
- Интеркултура - Скопје,
- Младински Совет Охрид,
- Младински Клуб - Штип,
- ЗОНА Кавадарци,
- ИМКА Битола,
- Мултикултура – Тетово,
- Младински Совет Прилеп.

Од придружните членки беа вклучени 6 организации:

- Центар за Едукација и Развој – Теарце,
- Локална Агенција за Развој – Струга,
- Центар за одржлив развој на заедницата – Дебар,
- Младинска Мултикултурна Заедница – Прилеп,

- Обединета младина – Скопје,
- Федерација на фармери на Македонија – Мрежа на млади фармери.

СЕГА ќе продолжи да се залага за заштита на детските права и учество на децата во училиштата, подобрување на статусот на младите, ќе работи на подобрување на младинското информирање како и учеството на младите во процесите на одлучување и донесување одлуки.

Коалиција на младински организации СЕГА
Извршен директор
Зоран Илиески

# МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА

## Проект: „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“

Проектот „Имплементација на Конвенцијата за Правата на Детето во Македонија“ се имплементираше во период од 12 месеци (01 јануари – 31 декември 2014 година), финансиран од Детската Фондација Песталоци (Pestalozzi Children's Foundation). Целта на проектот е да им се овозможи на децата и младите во Македонија активно да ги практикуваат своите права и обврски пропишани со Конвенцијата за Правата на Детето.

Активностите се спроведуваа во партнерство со следните организации – членки на СЕГА: Младински Совет Прилеп, ИМКА Битола, Центар за одржлив развој на заедницата – Дебар, Локална Агенција за Развој – Струга, Младински Совет Охрид, Интеркултура Скопје, Младински клуб Штип, Волонтерски Центар Скопје, ЗОНА Кавадарци и Мултикултура Тетово.

Проектот е поделен во три компоненти. Со првата компонента СЕГА продолжи да го спроведува **Системот на Мониторинг и Евалуација на имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во Македонија за членовите кои се однесуваат на детско учество**. Во посебна под-компонента Воспоставување на дете правобранител во училиштата се продолжи со примена на моделот – дете правобранител во основните и средните училишта. Преку втората компонента на овој проект се зајакнуваше функционалноста на моделите на учество во основните и средните училишта, вклучувајќи го процесот на избори на претседатели на класови во училиштата. Третата компонента го опфаќа воспоставувањето на модели на младинско учество на локално ниво со формирање на Совети на млади во рамките на Локалните Самоуправи.
Во рамките на проектот беше подготвена Компаративна анализа на состојбата со учеството на децата и младите во образовниот процес – ЕУ, регионални и домашни практики. Анализата содржи преглед на регулативата и начинот на кој што прашањето на ученичкото учество во образовниот систем е решено во Европските земји преку согледување на неколку конкретни примери каде тоа е регулирано (Велика Британија, Италија, Финска, Словенија и Србија). Преку соодветни и успешни компаративни примери дадени се насоки за законското уредување на оваа материја во Република Македонија. Анализата беше презентирана на 20 ноември 2014 година во хотел Арка во Скопје пред претставници од образовни институции и организации во Македонија.
Со реализирањето на активности од сите компоненти вкупно беа опфатени 4527 деца, претставници од институции и организации во Македонија.

- ***Компонента I: Систем на Мониторинг и Евалуација на спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето во Р. Македонија***

**-Следење на спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето на терен**
Процесот на прибирање на податоци за спроведување на Конвенцијата за правата на детето продолжи и во 2014 година. 16 локални собирачи на податоци во периодот април - мај собираа податоци во согласност со индикаторите од системот за мониторинг и евалуација за спроведување на КПД. Прибирањето на податоци се спроведе во 14 градови во Р.М. (Скопје – Кисела Вода, Гази Баба и Бутел, Тетово, Гостивар, Дебар, Струга, Охрид, Ресен, Битола, Прилеп, Кавадарци, Виница, Штип, Гевгелија, Куманово) и во 17 рурални места (Табановце,

Мала Речица, Центар Жупа, Маврови Анови, Ростуше, Дебарца, Вевчани, Кривогаштани, Жван, Росоман, Карбинци, Блатец, Миравци, Сопиште, Арачиново, Илинден, Царев Двор). Информациите се собираа од 199 институции / организации. На локално ниво се собираа од сите институции: училишта, локални самоуправи, медиуми, центри за социјална работа, невладин сектор, се со цел да се увидат измените кои што се (или не се) направени во периодот од минатогодишното собирање на податоци. Податоците за спроведувањето на КПД кои се однесуваат на национално ниво ги собираше персоналот на Коалиција СЕГА и надворешните консултанти.

Во текот на месец јули 2014 беше подготвен годишниот мониторинг извештај за спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето во Македонија. Извештајот беше публикуван и презентиран на 14 октомври 2014 година во хотел Бест Вестерн Скопје.

**-Организирање на презентации на наодите од МИЕ извештајот од 2013 година**

Во периодот од октомври – декември 2014 година, локалните собирачи на податоци ги доставуваа мониторинг извештаите до институциите / организациите вклучени во прибирањето на податоци од мониторингот на спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето во Македонија. Целта на оваа активност беше да се презентираат наодите од истражувањето пред одговорните институции на локално ниво и да се разгледаат можностите за примена на препораките од извештајот во пракса, односно да се согледа спремноста кај локалните институции (Локални Самоуправи, училишта, медиуми, Центри за социјални работи и сл.) за спроведување на најразлични мерки за подобрување на состојбата на младите во насока на зголемување на учеството на младите, како и почитување на правата на децата и нивна заштита.

- ***Под-компонента I: Дете правобранител во основните и средните училишта***

Во рамките на оваа под-компонента се спроведоа неколку активности:

- **Избор на деца правобранители и нивни заменици**

Изборот на децата правобранители и нивните заменици во 5 градови (Прилеп, Тетово, Дебар, Куманово и Кавадарци) се реализира во февруари 2014. Во градовите: Битола, Струга, Охрид, Штип и Гостивар повикот беше објавен во октомври 2014. Преку објавен повик за избор на деца правобранители и нивни заменици, согласно *Прирачникот за воспоставување на модел за избор на деца правобранители и нивни заменици во основните и средните училишта во Македонија* (изготвен од Коалиција СЕГА во 2011 година) се изврши селекција на децата правобранители и нивните заменици. Повикот беше подготвен од страна на Коалиција СЕГА и објавен на огласните табли во сите вклучени училишта како и на web страните на училиштата (оние училишта кои што имаат web страни). Селекцијата беше направена од страна на координаторот и раководните органи на училиштето врз основа на претходно доставените документи од учениците.



- **Процес на зајакнување на капацитетите на децата правобранители**

Според планираните активности за овој проект се одржаа четири обуки за децата правобранители од основните и средните училишта. Првата обука за децата правобранители од основните училишта се одржа во периодот од 27 февруари до 02 март 2014, а втората обука за децата правобранители од средните училишта се одржа

во периодот од 20 до 23 март 2014. Третата обука се одржа во период од 06 – 09 ноември, а четвртата обука се одржа во период од 27 – 30 ноември 2014 година.

Обуките се одржаа во хотел Амбиент, во Струга, на кои учество зедоа 69 деца правобранители и нивните заменици од основните и средните училишта. Децата се стекнаа со знаења за историјатот, структурата и улогата на Конвенцијата за правата на детето и имаа можност да се запознаат со правата на децата кои се однесуваат на опстанокот и развојот, правата кои се однесуваат на заштита, учество и правата на децата во образовниот процес (училиштето). Обучувачи на обуките беа заменикот на Народниот правобранител г-ѓа Васка Бајрамоска Мустафа и г-дин Љупчо Велковски, Интеркултура - Скопје.

- **Организирање на работилници од децата правобранители за заштита на детските права**

Во периодот на месец март – мај 2014, децата правобранители одржуваа работилници за заштита на детските права. На овие работилници новоизбраните деца правобранители имаа можност да се промовираат пред своите соученици за тоа која е нивната улога, мандат, начин на соработка како и начинот на комуникација. Исто така ги пренесоа своите стекнати знаења од обуките кои се одржаа, односно на креативен начин им ги презентираа на своите соученици детските права, напоменувајќи им дека нивната функција е да ги штитат нивните права.

- **ИНФО денови за промоција на моделот дете правобранител**

Во текот на април – мај и ноември – декември 2014 година децата правобранители организираа ИНФО денови. На овие настани беа дистрибуирани флаери (изработени од децата правобранители) и стрип за деца правобранители (подготвен од Коалиција СЕГА). Вкупно беа организирани 80 ИНФО денови во сите основни и средни училишта.

- ***Компонента II: Младинско учество во основните и средните училишта***

Во текот на март – април членовите на ученичките организации подготвија прашалник за проблемите и потребите на учениците во училиштето. Во секое училиште беше спроведена анкетата, и беа опфатени 2333 ученици на различна возраст, пол и етничка припадност. Податоците од анкетата беа обработени од страна на членовите на ученичката организација и беа презентирани пред учениците и персоналот во училиштата и Советите на родители.




Во текот на месец август 2014 година, локалните координатори организираа состаноци со директорите на училиштата на кои им го презентираа Прирачникот за избор на претседатели на одделенија/класови во основните и средните училишта. Во овој период беа организирани и состаноци со класните раководители од основните и средните училишта. Класните раководители за време на одделенските/класните часови на учениците им го презентираа и го фасилитираа новиот модел за избор на класна/одделенска заедница и претседател на класот, во согласност со понудениот Прирачник. На овие презентации беше дистрибуиран стрипот за ученичко организирање (подготвен од СЕГА). Преку овој процес на демократски начин се избираа новите претседатели на класови во основните и средните училишта за учебната 2014/2015 година во Битола, Охрид, Струга, Штип, Гостивар, Дебар, Куманово, Тетово, Кавадарци и Прилеп. По завршувањето на изборот на претседатели на класови во текот на месец октомври беа избрани училишни организации во училиштата вклучени во проектот согласно „Прирачникот

за воспоставување и функционирање на ученички и младински организации во основните и средните училишта во Македонија“.

Во периодот октомври – декември 2014 година се спроведуваше процес на градење на капацитетите на претседателите на класови/одделенија и членовите на училишните организации. Локалните координатори организираа работилници со членовите на ученичките / младинските организации на следниве теми: Организирање на состаноци и воведување на процедури за работа и креирање на Годишна програма, Истражување и дебата. Преку 40 работилници беа опфатени вкупно 601 претставници на училишни организации.

## Проект: “Проект за децентрализирана соработка помеѓу регионот на Долна Нормандија – Франција и Република Македонија“

Во рамките на Проектот за децентрализирана соработка помеѓу регионот на Долна Нормандија - Франција и Република Македонија, раководен од Асоцијацијата на Агенции за Локална Демократија (ALDA), Коалицијата СЕГА ја раководи Акцијата 2 која специфично се однесува на „Помагање на локалните авторитети да дефинираат и имплементираат одржливи и партиципативни младински политики“. Во рамките на соработката беа спроведени следниве активности:

- **Информирање и обезбедување на експертиза за поддршка на мобилноста**

Во периодот март – септември 2014 година, Коалиција СЕГА работеше на креирање на база на релевантни засегнати страни кои што работат на мобилност на млади. Целта на креирањето на оваа дата база е да се зголеми соработката помеѓу организациите и институциите во Македонија и регионот Долна Нормандија. СЕГА работеше на собирање на податоци за НВО кои што спроведуваат проекти за мобилност во рамите на програмата ЕРАСМУС (Млади во акција) или други ЕУ програми фокусирани на мобилност на млади. Подготвената дата база со младински организации од Македонија и Франција е поставена на веб страната на СЕГА на следниот линк: http://sega.org.mk/web/index.php?option=com_sobipro&sid=59&Itemid=269&lang=mk

- **Креирање на мрежа**

На 10 јуни 2014, СЕГА организираше состанок со Националната Агенција за Европски образовни програми и мобилност. Целта на овој состанок беше да се дискутира за можностите за зајакнување на соработката помеѓу Македонија и Долна Нормандија.
Исто така СЕГА организираше состаноци и со три билингвални училишта (Гимназија Орце Николов - Скопје, Гимназија Кирил Пејчиновиќ - Тетово и Гимназија Јосип Броз Тито – Битола). На состаноците се дискутираше за моменталните проекти, потенцијалните можности и профил на партнери од регионот Долна Нормандија.
Освен со училишта беа одржани состаноци и со 12 младински организации во Македонија.
Целта на овие состаноци беше да се запознаат НВО со можностите за соработка со организации во регионот Долна Нормандија.
Во периодот 10 – 12 јули 2014 година извршниот директор на СЕГА присуствуваше на студиска посета во Долна Нормандија. Во текот на посетата беа организирани неколку состаноци со организации и институции од овој регион на кои состаноци се презентираше интересот за соработка со македонските организации и институции со ист профил или поле на работа со организациите и институциите од регионот Долна Нормандија.

- **Поддршка на партнерите во развојот на мобилноста**

За да ги поддржи институциите и организациите во процесот на развојот на мобилноста СЕГА воспостави соработка со овие институции и организации. За таа цел беше воспоставена секојдневна комуникација и редовно известување за сите можности и крајни рокови за аплицирање на предлог проекти во полето мобилност. Специјален акцент беше ставен на Еразмус програмата која обезбедува можности за мобилност на младински работници, млади, наставници и студенти.

## Проект: "Мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во Македонија"

Во периодот април - декември 2014 година со поддршка на UNICEF беше спроведен проектот „Мониторинг на Конвенцијата за правата на детето во Македонија". Извештајот имаше за цел да ја анализира моменталната ситуација со имплементацијата на Завршните забелешки од страна на одговорните институции во специфични области.

Активностите се спроведуваа во партнерство со следните организации – членки на СЕГА: Младински Совет Прилеп, ИМКА Битола, Центар за одржлив развој на заедницата – Дебар, Локална Агенција за Развој – Струга, Младински Совет Охрид, Интеркултура Скопје, Младински клуб Штип, Волонтерски Центар Скопје, ЗОНА Кавадарци и Мултикултура Тетово.

Извештајот беше подготвен врз основа на прибраните податоци на локално и национално ниво. На локално ниво податоците беа прибирани од страна на 16 локални координатори во периодот март – мај 2014 година. И оваа година се прибираа податоци од 17 рурални средини. На национално ниво податоците беа прибирани од страна на тимот на СЕГА.
Извештајот содржи препораки на Комитетот за заштита на правата на децата, наоди од мониторингот за 2012 и 2013 година како и почетна состојба и наоди од 2011 година. Во извештајот се вметнати препораки насочени кон институциите и организациите.



Во текот на месец октомври 2014 извештајот беше публикуван и презентиран на округлата маса во Скопје. Проектот се спроведуваше како резултат од иницијативата на канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија за поддршка на мониторинг на имплементацијата на КПД која беше препорака во Завршните Забелешки.

## Проект: "Промоција на детски права и интеркултурна комуникација"

Проектот **„Промоција на детски права и интеркултурна комуникација"** се спроведуваше во периодот јули – декември 2014 година во партнерство со Центар за едукација и развој – Теарце (организација членка на СЕГА) и други организации: Совет за превенција од малолетничка деликвенција (СППМД) - Кавадарци, Македонскиот Центар за Граѓанско Образование (МЦГО) - Скопје, Мајка - Куманово, а со поддршка на Детската Фондација Песталоци.



Во периодот од **23 – 26 јули 2014**, во Банско (Струмица) се реализираше **Летен Камп** на кој учество зедоа вкупно 50 деца на возраст од 14 – 16 години од Прилеп, Куманово, Кавадарци, Теарце и Струмица. На кампот учествуваа 50 деца на возраст од 14 - 16 години од Прилеп, Тетово, Теарце, Струмица, Куманово и Кавадарци. Целта на овој настан беше децата да се стекнат со вештини за промовирање на интеркултурна комуникација и детски права.

Преку различни креативни активности, на овој летен камп на младите им се овозможи да се стекнат со вештини и да научат за принципите на меѓукултурниот дијалог и промовирање на интеркултурната комуникација. Кампот се фокусираше на промовирање на различните вредности и толеранцијата помеѓу децата и младите со различи култури, како и промовирање на детските права. Како резултат од овие активности децата креираа акциони планови за кампањи за промовирање на интеркултурната комуникација и детските права во своите градови и училишта.

Коалиција на младински организации СЕГА **од 6-ти до 12-ти октомври** во Прилеп, Струмица, Тетово, Куманово и Кавадарци реализираше различни активности по повод **„Неделата на детето“**.

По повод Универзалниот ден на детето - 20 ноември, Коалиција на младински организации СЕГА заедно со своите партнер организации – "ЦЕД" Теарце, "Мајка" – Куманово, "МЦГО" – Струмица и "СППМД" - Кавадарци, организираше активности во Прилеп, Куманово, Струмица и Кавадарци.

Под мотото "За вкусовите не се зборува" во Струмица се одбележа Универзалниот ден на детето. Преку традиционална храна која беше приготвена и препознатлива кај двете етнички националности, македонската и турската. Една од целите на овој настан беше стекнување позитивен став кон припадниците на двете етнички заедници преку стекнување сознанија за културата, традицијата и историјата на различните етнички заедници, нивната интеракција и нивното место и улога во развојот на земјата, препознавање на исти или слични јадења кои се користат од двете етнички заедници.

Во Прилеп по овој повод се организираше спортски натпревар во одбојка, каде учество земаа ученици од средните училишта со цел интернационална комуникација и тимска соработка.

Со цел подигање на свеста кај заедницата за правата на детето во Куманово се организираше ликовна изложба на Градскиот плоштад, на чија изложба претходеше ликовен конкурс за поттикнување на креативно истражување кај учесниците за универзалниот ден на детето, каде свој креативен придонес дадоа деца од 8-16 години, како и нивни професори од 9 основни училишта и 4 средни училишта.

Во Кавадарци, промовирањето на детските права, човековите права и интеркултурната соработка по повод универзалниот ден на детето се одбележа преку флеш моб активност на градскиот плоштад, како и со посета на музејот на општина Кавадарци, новоизградената

црква и џамијата од 19 век, а потоа одржување на работилница во СППМД клубот, со учество на деца од различна националност.

Како резултат од спроведените активности од проектот „Промоција на детски права и интеркултурна комуникација“, Коалиција СЕГА заедно со своите партнер организации креираа финално видео. Целта на ова видео е на креативен начин да се сумираат резултатите и да се презентираат до јавноста. Видеото го отсликува интеркултурализмот на децата учесници во проектот како метод за заеднички иницијативи за промоција на интеркултурната соработка и детските права. Видеото е поставено на веб страната на СЕГА и на партнер организациите.

# МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

## Проект: “Информирани и вклучени млади“

Целта на проектот “Информирани и вклучени млади“ беше да се воспостави систематски приод во спроведувањето на младинската политика на Град Скопје преку кој ќе се придонесе кон зголемување на учеството на децата во процесите на донесување одлуки и подобрување на младинското информирање. Со спроведување на овој проект се започна со имплементација на активности од Локалната Младинска Стратегија на Град Скопје, усвоена на 30 јануари 2014 година од страна на Советот на Град Скопје. Проектот се имплементираше во период од 4 месеци (септември – декември) на територијата на Град Скопје.

Во спроведувањето на активностите од овој проект беа вклучени организациите: Волонтерски Центар – Скопје и Обединета младина – Скопје.

Во насока на зголемување на информираноста на младите за актуелните повици за стипендии, семинари, младински размени, конференции и стипендии креиран е младински веб портал http://youthportal.infosega.org.mk/

На овој портал редовно се ажурираа актуелните информации. Секоја недела до мејлинг листите (адреси од млади и младински организации) се испраќа неделно известување кое содржи актуелни повици наменети за младите луѓе. Исто така, редовно се објавуваат информации за тековни активности кои ги спроведуваат младинските организации во Македонија. Месечно на порталот се регистрирани околу 3000 посети.

Со цел да се презентираат активностите што се спроведуваат во двете средни училишта (СОУ Кочо Рацин и СОУ Васил Антевски Дрен на ниво на Град Скопје) во текот на месец август беа организирани состаноци со директорите на средните училишта. На овие состаноци проектниот тим ги презентираше активностите, посебно моделите за избор на претседател на клас и воспоставувањето и функционирањето на училишната организација.

Во втората половина на месец август, локалните координатори организираа презентации пред класните раководители во двете средни училишта. На овие настани беа презентирани двата прирачници: *Прирачник за спроведување на нов модел на избори на претседател на одделение / клас во основните и средните училишта и Прирачник за воспоставување и функционирање на училишната организација во основните и средните училишта*, подготвени од Коалиција СЕГА.

Во текот на првата недела од месец септември класните раководители на учениците им го презентираа моделот за избор на претседател на клас. Втората половина на месец септември на класен час се спроведуваа изборите на претседателот на клас. Кандидатите за претседатели пред учениците ги читаа мотивационите писма. На демократски и фер избори, преку тајно гласање во гласачка кутија беа избрани новите претседателите на класови.

На почеток на октомври се формираа Училишните заедници во двете средни училишта согласно Прирачникот за воспоставување и функционирање на училишните организации. Избраните претседатели на класови присуствуваа на Конститутивната седница за формирање на училишната организација. Сите претседатели го сочинуваат Собранието на училишната заедница и од нив беше избран по еден претседател на секоја од училишните организации.

Од 06 - 07 октомври 2014 беше спроведено истражување за потребите и интересите на младите. Со анкетниот прашалник беа опфатени неколку сегменти: довербата, односно кому веруваат младите, колку соработуваат со поединци со различна етничка, географска, сексуална, социјална припадност, потоа причини за дискриминација, нивните општествени вредности, социјалниот живот, образованието, економијата како и нивната вклученост во волонтерските активности.

Во текот на октомври - ноември беа организирани неколку работилници во насока на зајакнување на капацитетите на членовите на училишните организации:

На 20 октомври беше одржана едукативна работилница. Во првиот дел од работилницата, беа спроведени две активности за тестирање на моќта на перцепирање, односно забележување кај учениците, првата активност беше видео запис, чија цел покрај моќта на забележување, беше и нивната работа во голема група.



На 27 октомври беше организирана работилница за креирање на кратка биографија и мотивационо писмо и симулација на работно интервју. Освен тоа на работилницата беше презентирана и темата за вербална и невербална комуникација. Основната цел на работилницата беше да им овозможиме на учениците да се приближат до потенцијалните работодавачи и полесно да се најдат вработувања. Учениците беа информирани за значењето на комуникацијата, односно дека истата е неопходна алатка и е есенцијална за успех.

На 10 ноември 2014 година се одржа работилница на тема „Човекови права". Спроведената имаше за цел да ги запознае учениците со права и слободи на човекот, како основни критериуми кои ја отсликуваат улогата на човекот, граѓанин во општеството. Понатаму, преку аудиовизуелна настава, како ефикасна алатка за едукација, младите се стекнаа со знаење за тоа што се човековите права, зошто се тие толку важни, како да се имплементираат, а воедно и уживаат.

Во текот на месец ноември беа организирани работилници за креирање на годишни програми на училишната организација. На овие работилници беа подготвени планови со активности кои што ќе ги реализираат училишните организации. Работилниците беа фасилитирани од локалните координатори.

Во насока на зајакнување на капацитетите на членовите на Советите на училишните организации во периодот од 21 – 23 ноември во хотел Амбасадор Струга беше организирана дводневна обука на тема „Застапување и лобирање". Обуката ги опфати следниве сегменти: елементи, техники и цели на застапувањето и лобирањето како и развивање на кампања за застапување и лобирање. Целта на оваа обука е да се подобрат нивните вештини за застапување на интересите на нивните соученици пред училишните органи.

# Проект: “Македонски Модел на Обединетите Нации”

Во 2014 година Коалиција на младински организации СЕГА продолжи да ја спроведува програмата во своето работење – Македонски Модел на Обединети Нации (ММОН). Програмата се спроведуваше во соработка со волонтерите на Мировниот Корпус во Македонија, а со финансиска поддршка од Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Р. Македонија. Моделот на Обединети Нации ги вклучува младите во проучување и дискусија за глобалните прашања, поттикнува развој на вештините корисни за животот, како што се истражување, пишување, јавно говорење, градење на консензус, решавање на конфликти, постигнување компромис и соработка.

Активностите беа спроведени во партнерство со следните организации: ЗОНА Кавадарци, Младински Совет Прилеп, ИМКА Битола, Мултикултура Тетово и Волонтерски Центар Скопје.

Главната активност на оваа програма беше организирањето на третата национална конференција на ММОН на 07 јуни 2014 година во просториите на Факултетот во Кавадарци.

На конференцијата **учествуваа околу 160 млади** од повеќе градови во Македонија.




На официјалното отворање на Конференцијата пред делегатите се обратија Моника Илиоска Кантарџиоска – Соработник на Програма на Коалиција СЕГА, Џенин Дорш – Акционен Директор на Мировниот Корпус во Македонија, Никола Деков – Директор на ЗОНА Кавадарци, Лаура Барбе – Волонтер на Мировниот Корпус, и Блертон Зејнели – Генерален Секретар на Конференцијата на ММОН за 2014 година.

Делегатите ја симулираа работата на осум комитети и тела на Обединетите Нации: Секретаријат, Генерално Собрание, Совет за Безбедност, Економски и Социјален Совет, Совет за Човекови Права, Светска Здравствена Организација, ОН Организација за Индустриски Развој (UNIDO), и ОН Програма за Животна Средина (UNEP).

Од секој комитет беа избрани најдобри делегати кои добија посебни признанија на затворањето на конференцијата.




Оваа Конференција е кулминација на програмата на Македонскиот Модел на Обединети Нации, и им овозможи на средношколците и студентите да го презентираат сето она што го научиле преку симулацијата на ОН.

Во рамките на проектот во периодот од 31 октомври – 02 ноември 2014 во хотел Амбиент Струга беше организирана Обука за тим лидери.

Македонскиот Модел на Обединети Нации преставува академска симулација на работата на Обединетите Нации преку своите земји членки, во Генералното собрание на ОН, Советот за безбедност, Економскиот и социјален совет, УНИЦЕФ, УНДП, Светската здравствена организација и Светската трговска организација.

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

## Проект: "Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА" -

Проектот **„Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА"** (МИСЦ) продолжи да се спроведува и во 2014 година, откако центарот официјално започна со работа на 01 јуни 2010 година.

- **Обезбедување на информации од областите: спорт, култура, волонтерство и размена**

Во текот на јануари - декември 2014 година персоналот на Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА (МИСЦ) ги ажурираше информациите за образование, здравство, патување, култура и спорт. Исто така беа ажурирани информациите за образованието во Р.М. (средно, високо – приватни и државни универзитети, постдипломски студии – приватни и државни универзитети, стипендии во Македонија и странство), информации за културните манифестации и активности во Прилеп, информации за патување, информации за здравство. Секојдневно беа прибирани информации за стипендии, семинари, обуки, конференции, волонтирање, вработување итн. Овие информации се објавуваат на web страната на ИНФО СЕГА www.infosega.org.mk и секојдневно се ажурираат. Во периодот јануари – декември на веб страната на ИНФО СЕГА имаше 231 819 посети.
Најновите информации за тековни повици и конкурси редовно се испраќаат на mailing листата infosega@infosega.org.mk која е сочинета од 3000 е-маил адреси.

- **Промовирање на МИСЦ**
- **Промовирање на услугите на МИСЦ во средните училишта**

Согласно планот за промоција и видливост на центарот помеѓу средношколците во општина Прилеп, Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА и оваа година продолжи со одржување на промоции за услугите што ги нуди во средните општински училишта. Во периодот февруари – мај 2014 беа одржани 5 презентации на ИНФО СЕГА и беа директно опфатени 120 средношколци од средните училишта во Прилеп.
Информативните настани се одржуваа во училиштата, за време на планираните едукации, а на истите се презентираа информации наменети за средношколците, како што се: стипендии за матурантите, информации за тековните конкурси за стипендии за средношколците, информации за дополнителните услуги кои ИНФО СЕГА ги нуди како што се: советување за млади, жолти страни за младите и сл.

- **Одбележување на поважни датуми**
- **ИНФО СЕГА го одбележа 17 април, Европски ден на младинско информирање со промоција на Европскиот волонтерски сервис**

По повод 17 април, Европски ден на Младинско Информирање, Младински информативен и советодавен центар ИНФО СЕГА во соработка со волонтери од основното училиште „Климент Охридски" од Прилеп креираше видео за младинско информирање. Младите, кои учествуваа во креирањето на ова видео споделија кои информации нив им се потребни и што за нив претставува младинското информирање. Ова видео ќе биде дел од кампањата што ја спроведува Европската Агенција за Младинско Информирање и Советување ERYICA под мотото Who Nose. https://www.youtube.com/watch?v=rC5MgNwttUA

- **Музички хепенинг по повод Неделата на детето**

Коалиција на младински организации СЕГА по повод „Неделата на детето“ на 10 октомври во Прилеп организираше музички хепенинг. Целта на настанот е да се промовираат детските права. На настанот беа пуштени балони со хелиум на кои беа врзани пораки со детски права кои децата сакаат да ги имаат. Пораките беа собирани од анкетите и децата кои беа присутни на музичкиот настан. На 09 октомври 2014 беа спроведени 200 анкети во основните и средните училишта во Општина Прилеп, со цел да утврдиме колку децата се информирани за детските права, и кои права сакаат да ги имаат, а не се дел од Конвенцијата за правата на детето.
Активностите по повод Неделата на детето се организираат во рамките на проектот „Промовирање на детските права и интеркултурната комуникација“, кој Коалиција на младински организации СЕГА го спроведуваше со поддршка на Детската Фондација Песталоци.

- **Одржани активности заедно со волонтерите од Европскиот волонтерски сервис**



ИНФО СЕГА во 2014 година беше домаќин на 3 ЕВС волонтери (Франција, Романија и Италија). Заедно со нив беа организирани настани за промоција на оваа програма во центарот на Прилеп и неколку промоции во средните училишта во Прилеп. ИНФО СЕГА во соработка со Гимназијата „Мирче Ацев“ – Прилеп заедно со ЕВС волонтерите организираа 5 работилници на тема: претприемништво, пишување CV, мотивационо писмо, однесување на работно интервју и други важни аспекти во полето на вработување.
На крајот на секоја работилница средношколците подготвуваа CV и мотивационо писмо, и практично вежбаа како правилно треба да се однесуваат на интервју за работа.

- **Координативни состаноци**

Во периодот јануари – декември 2014 беа организирани 20 координативни состаноци помеѓу тимот на СЕГА и тимот на МИСЦ. На состаноците се разговараше за планираните активности и нивна имплементација. Се мониторираа постигнатите периодични резултати и се правеше евалуација на веќе спроведените активности. Помеѓу тимот и волонтерите на МИСЦ беа организирани 12 координативни состаноци. На овие состаноци се поставуваа одредени цели и активности и воедно се спроведуваше евалуација на се она што е постигнато во изминатиот период.

## Проект: “Млади без граница“

Проектот „Млади без граница“ Коалиција СЕГА го имплементираше во партнерство со Националниот Центар за Услуги во Заедницата од Албанија, а беше финансиран од Европската Унија преку ИПА програмата за прекугранична соработка Македонија – Албанија.

<u>Во проектот директно беа вклучени следните организации – членки на СЕГА: Младински Совет Прилеп, Младинска Мултикултурна Заедница - Прилеп, Федерација на фармери на Македонија – Мрежа на млади фармери и ИМКА – Битола.</u>

Во рамките на овие активности СЕГА објави Повик за Практиканти во НВОи од Албанија. Од пристигнатите апликации на јавниот повик беа селектирани 2 практиканти. Практиканството се одржа во периодот од 10 февруари до 10 март 2014 во организацијата АТАСТ – Association of traditional and artistic crafts and trades" од Поградец и „ДОРКАС - Dorcas Aid International (DAI)" во Корча, невладини организации кои учествуваат во овој проект.




Во рамките на проектот во Струга се одржа завршната конференција на која младинските организации од Македонија и Албанија потпишаа Декларација за соработка. На конференцијата која се одржа во хотел Дрим, Струга, присуствуваа претставници на младински организации од Македонија и Албанија, како и претставници од локални и национални институции од двете држави.

Проектот „Млади без граници" се реализираше во период од 12 месеци и негова цел беше да промовира ефективна соработка помеѓу младинските граѓански организации што треба да придонесе за продуктивен социјален развој во прекуграничниот регион помеѓу Македонија и Албанија. Преку проектот се овозможи младинските организации да се стекнат со знаења и вештини со кои ќе можат да развијат идеи во проекти во рамките на програмите на ЕУ. Исто така преку проектните активности младинските организации научија како да дејствуваат во партнерство со други граѓанските организации, како посилно да се залагаат за целните групи на локално ниво, како и да управуваат со заеднички локални иницијативи. Преку активностите кои беа спроведени им се овозможи во локалните заедници поголем социјален развој, особено во делот на подигање на свеста за статусот на младите како маргинализирана група во општеството.

Овој проект е финансиран во рамките на програмата за прекугранична соработка со Албанија и ги промовира добрососедските односи, поттикнување на стабилноста, безбедноста и просперитетот, што е во заеднички интерес на двете земји, како и поттикнување на нивниот хармоничен, балансиран и одржлив развој.

## Проект: "ИНФО клубови"

Проектот „ИНФО клубови" го спроведува Коалиција СЕГА од мај 2014 година со финансиска поддршка од UNDP и Министерството за труд и социјална политика.
<u>Инфо Клубот во Штип, свечено беше отворен на 29 мај 2014 година</u> во просториите на Кампус 2 при Универзитетот Гоце Делчев во Штип. Во текот на своето работење остварени се 280 директни посети од студенти, организирани се 15 настани, склучени се 10 партнерства (од кои 3 со граѓански организации, 3 со институции и 4 фирми) и креирана е база со 400 членови. Дневното функционирање на Инфо клубот вклучуваше собирање на актуелни информации за слободни работни места во Општина Штип, нивно пренесување преку фан

страната на социјалната мрежа facebook, припрема на неделниот електронски весник и остварување на средби со посетителите на Инфо клубот.

Во првата фаза Инфо Клубот Штип најпрвин започна со формирање на дата база на студенти, односно формирање на меилинг листа преку која што секој четврток во седмицата се известуваа студентите за слободни работни места во Штип и информации за стипендии, обуки, семинари и слично. Исто така беше креирана и фан страна на социјалната мрежа Фејсбук. Во овој период беше склучена и неформална соработка со подрачната единица на Агенцијата за вработување во Штип, како партнер во самиот проект на Инфо Клубовите. Потоа како активност во овој период беше организирана промоцијата на Инфо Клубот преку радио медиуми во Штип, УГД ФМ и AngelsFm, а воедно беа и давани изјави за локални веб портали.
За да се обезбеди поголема видливост и да се остварат директни контакти со младите од Штип на **27 јуни 2014 година** Инфо Клуб Штип во соработка со Советот на млади – Општина Штип, организираше **„ИНФО ДЕН“** во просториите на големата сала во Општина Штип. На настанот присуствуваа 20 млади луѓе на кои им беа презентирани услугите кои ги обезбедува Инфо клубот, а воедно беа презентирани активните мерки од Владата на Република Македонија за вработување, самовработување и мерките од програмата за финансиска поддршка за отворање на нови работни места. На овој настан говореа асистентите на Инфо Клубот, директорот и вработени лица од Агенцијата за вработување и претставник од НВО- секторот.

Вториот ИНФО ден беше организиран во центарот на градот преку кој со промотивни флаери (за активните мерки за вработување и самовработување) и директни контакти со младите луѓе беа презентирани активностите и услугите кои ги обезбедува Инфо клубот од Штип.
Во текот на месец септември 2014 година се оствари повторна средба со директорот и вработените на АВРМ Штип и првата активност беше претставувањето на Инфо Клубот пред работодавците и младите на Саемот за вработување во Штип. На овој настан се воспоставија средби со локални компании, присутни на саемот, како и со млади лица кои се запишаа во дата базата за добивање на информации од страна на Инфо клубот.
Со цел прибирање на информации за слободните работни места и потребни квалификации за истите но и презентирање на активните мерки пред локалниот бизнис сектор, во периодот на октомври - ноември 2014 година беа остварени средби со неколку успешни компании кои функционираат во Општина Штип.



Во согласност со барањата на студентите, евидентирани преку анкетното истражување, во текот на месец декември 2014 година, Инфо Клубот организираше работилници преку кои на студентите им се дадоа насоки за подготвување на CV и мотивационо писмо. Работилницата „Пишување на CV и мотивационо писмо“ се одржа во една од предавалните на Кампус 2, на Универзитет „Гоце Делчев“. На студентите им беа презентирани практични примери од успешно формулирани материјали за апликација на посакуваното работно место, давајќи им совети кои можат да им помогнат да ја планираат својата кариера уште од почетокот на своето студирање.

Инфо клубот во Битола беше официјално отворен на 24 октомври 2014 година, каде присуствуваа официјални претставници на УНДП, претставници на МТСП како и

претставници на универзитетот Св. Климент Охридски, претставници на локалната самоуправа од Битола, бизнисмени, медиуми и други гости. Во текот на своето двомесечно работење остварени се 28 директни посети од студенти, организирани се 13 настани, склучени се 18 партнерства (од кои 5 со граѓански организации, 5 со институции и 8 фирми) и креирана е база со 94 членови. Дневното функционирање на Инфо клубот вклучува собирање на актуелни информации за слободни работни места во Општина Битола, нивно пренесување преку фан страната на социјалната мрежа facebook (https://www.facebook.com/infoklubbitola), припрема на неделниот електронски весник и остварување на средби со посетителите на Инфо клубот.

Со цел промовирање на Инфо Клубот меѓу НВО секторот и младите заинтересирани за волонтирање и обуки на 30 октомври 2014 беше реализирана посета на саемот за граѓански здруженија во Битола. Како резултат на посетата беа остварени партнерства за идна соработка со 3 граѓански организации: ИМКА Битола, Форум 16 и ЦЕФЕ Македонија.

Со цел остварување на поголема видливост и промоција на услугите на Инфо клубот од Битола на 10 ноември 2014 година беше реализирано гостување на радио емисија Студентски парламент при Студентско радио УКЛО. Преку ова гостување се даде дополнителен придонес кон поголемо информирање на студентите за услугите и информациите кои ги нуди Инфо клубот.

За да се обезбеди дополнителна поддршка во работата на Инфо клубот, но и да се оствари долгорочна соработка, на 12 ноември 2014 година се реализираше состанок со раководителот на Агенцијата за вработување во Битола. Преку овој состанок се договори навремено прибирање на информации и активностите на локалната канцеларија на АВРМ кои се однесуваат на Активните мерки за вработување и самовработување. На овој состанок исто така се договори и учеството на Саемот за вработување во Битола, кој се одржа во текот на декември 2014 година.

За да се обезбеди поголема промоција на Инфо клубот, да се остварат директни средби со студентите од Битолскиот Универзитет, но и да се започне со воспоставување на дата базата со студенти, во текот на месец ноември 2014 година беа организирани инфо средби со студенти.

Со цел поголема присутност во јавноста, вмрежување со бизнис секторот и невработените млади луѓе на 4 декември 2014 Инфо клубот организираше презентација на Саемот за вработување Битола. За време на саемот беше покажан голем интерес од страна на посетителите за услугите кои ги нуди Инфо клубот. Па така 201 од посетителите се запишаа во дата базата за членови во клубот и 7 фирми кои нудат слободни работни места се запишаа во дата базата на бизнис секторот.

На 13 декември 2014 година во просториите на Инфо Клубот се одржа обука на тема Ефективни алатки за обучувачи/лидери/тренери во НВО секторот. Настанот беше организиран во партнерство со Младинската асоцијација ИМКА Битола, а на истиот учествуваа 5 претставници на локални здруженија на граѓани и 15 студенти од битолскиот универзитет.

Во согласно со планот за работа, на 15 декември 2014 година се оствари средба со координаторите на кариерниот центар во гимназија Таки Даскалот од Битола. Целта на оваа средба беше да се воспостави соработка за одржување на обука на тема „Креирање бизнис

можности“. На состанокот беше договорен конкретен термин за одржување на презентации во ова училиште.



На 22 декември 2014 година, во гимназија Таки Даскалот беше одржана обука на тема „Креирање бизнис можности“. Целта на оваа обука беше да се поттикне претприемачкиот дух кај младите преку иновативни и креативни истражувања на алтернативни бизнис идеи на пазарот на трудот. 21 од учесници се запишаа во дата базата на клубот, кои во наредниот период ќе добиваат он-лине информации за нови мерки за вработување, слободни работни места, можности за стипендии и пракси итн.

Проектот ИНФО клубови ќе се спроведува и во 2015 година во Штип и Битола.

# ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

## Меѓународна соработка

- **Европски Волонтерски Сервис**

Коалиција на младински организации СЕГА прими шест волонтери од Франција, Италија и Романија, Португалија и Шпанија преку Европскиот Волонтерски Сервис од програмата Млади во Акција во 2014 година. Проектот „Ајде да направиме промена“ (Let's make the change) е одобрен од Извршната агенција за култура, едукација и аудиовизуелна политика (Education, Audiovisual and Cultura Executive agency - EACEA).

Трите волонтерки, Александра, Мелоди и Силвиа престојуваа во Прилеп во периодот од **1 мај до 31 октомври 2014** и волонтираа во канцеларијата на Младински Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА и еднаш неделно во канцеларијата на СЕГА. Волонтерката Росарио престојува во периодот од **15 ноември 2014 до 14 мај 2015**, додека волонтерите Беренице и Томас ќе престојуваат **до 15 јуни 2015**. Вкупно 6 волонтери, во рамките на овој проект, во различни периоди, волонтираа во Младински Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА и СЕГА. Волонтерите беа/се вклучени во програмата на СЕГА и ИНФО СЕГА и работеа/ат во полето на комуникацијата, младинското информирање и промовирање на волонтерство. Волонтерите главно беа/се вклучени во активностите на Младинскиот Претприемачки Клуб, со цел да се надмине проблемот со младинската невработеност, младите да стекнат повеќе вештини во полето на претприемништво и да ја зголемат својата креативност.

## Соработка со институции

- **Потпишани документи за соработка**

Во текот на 2014 година беа потпишани:

- 20 договори за соработка со основни и средни училишта од општина Прилеп (О.О.У. „Рампо Левката“ и С.О.У. „Ѓорче Петров“), општина Куманово (О.О.У „Христијан Карпош“ и С.О.У. „Гоце Делчев“), општина Дебар (О.О.У. „Братство и Единство“ и С.О.У „Здравко Чочковски“), општина Штип (О.О.У. „Димитар Влахов“ и С.О.У. „Коле Нехтенин“), општина Кавадарци (О.О.У. „Тошо Велков Пепето“ и С.О.У. „Гимназија Добри Даскалов“), општина Гостивар (О.О.У. Гоце Делчев“ и С.О.У. „Гостивар“), општина Струга (О.О.У. „Браќа Миладиновци“ и С.О.У. „Ибрахим Темо“), општина Охрид (О.О.У. „Братство Единство“ и С.О.У. „Св. Климент Охридски“), општина Тетово (О.О.У. „Браќа Миѓени“ и С.О.У. „Ѓоце Стојчески“) и општина Битола (О.О.У. „Елпида Карамандиʻ и С.О.У. „Јане Сандански“) за спроведување на активности од проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“.

- Меморандум за соработка со Мировен корпус на Македонија и Коалиција СЕГА за вклучување на волонтер од програмата на Мировен корпус во работата и активностите на Коалиција СЕГА за период од 2 години.

- Меморандум за соработка со ФОН, првиот приватен Универзитет во Македонија, за организирање на Конференција во просториите на ФОН универзитет во рамките на проектот „Македонски Модел на Обединетите Нации“.

# АДМИНИСТРАТИВНА РАМКА

**Управниот одбор** на Коалиција СЕГА се состана на 21 мај во Прилеп во Скопје. На состанокот се дискутираше за имплементацијата на тековните активности на СЕГА и се разгледуваа новите апликации за членство во Коалиција СЕГА.

**Собранието** на Коалиција СЕГА се состана на 21 мај 2014 година во салата на Советот на општина Кисела Вода - Скопје. На оваа седница на Собранието на СЕГА беше усвоен записникот на претходната седница на Собранието, беше разгледан и усвоен извештајот од Надзорниот Одбор на СЕГА, беа усвоени програмскиот и финансискиот извештај за работата на СЕГА за периодот на 2013, беше усвоена Годишната Програма за работа за 2014 и беше извршено ревидирање на членството. На крајот, Собранието даде свои препораки за правецот на делување на СЕГА во иднина.

До 31 декември 2014 година во Коалиција СЕГА членуваат вкупно **26 младински организации (12 основни и 14 придружни организации членки)**.

# ЗА СЕГА

Иницијативата за формирање на Коалиција на младински организации беше покрената од страна на Младински Совет - Прилеп и две партнер - организации за аплицирање и имплементација на проектот “Младински Национален Акционен План”. Како продолжение на започнатиот процес, Коалицијата на младински организации СЕГА неформално е формирана на 20 јануари 2004 година со цел да придонесе кон процесот на креирање и имплементација на Националната стратегија за млади на РМ и да помогне во исполнување на потребите на младите. На **27 септември 2004 година** Собранието на СЕГА донесе одлука за формално регистрирање на Коалицијата како здружение на граѓани.
Членството на Коалицијата (во овој момент) го сочинуваат 12 полноправни и 14 придружни организации - членки.

Управувачката структурата ја сочинуваат следниве органи:

- Собрание - составено од сите членки;
- Управен одбор - составен од 5 претставници од организации полноправни членки;
- Надзорен одбор - составен од 3 членови.

Извршната структура е организирана во Централна канцеларија со седиште во Прилеп и 4 регионални канцеларии во: Штип, Охрид, Тетово и Скопје.

**Визија**
Младите делуваат на промените и развојот на Македонија, учествуваат во донесување на одлуки на локално и национално ниво за прашања кои директно ги засегаат. СЕГА како одржлива и развиена младинска коалиција овозможува младите да веруваат во себе, да ги остваруваат своите интереси, да креираат и да градат.

**Мисија**
Коалицијата на младински организации СЕГА работи на развивање и примена на младински политики на локално и национално ниво, ги поврзува и јакне младинските организации со цел активирање на младите и подобрување на условите за нивен личен и професионален развој во Република Македонија.

**Вредности и принципи на работа**

- Меѓусебна поддршка;
- Волонтерство;
- Промовирање на младите како ресурс;
- Младински активизам;
- Младинска партиципација;
- Транспарентност;
- Демократија, меѓусебна доверба и соработка;
- Организирање и вклучување на младите;
- Развој на заедниците;
- Информираност;
- Застапување и лобирање за младинска политика.

Организациските и проектните активности на СЕГА во 2014 година беа поддржани од следните донатори:

- Детска Фондација Песталоци (Pestalozzi Children's Foundation)
- Асоцијација на Агенции за Локална Демократија (Association for Local Democracy Agencies)
- Американска Амбасада
- Генерален Секретаријат за соработка со НВО
- Европска Унија - IPA програма
- Град Скопје
- UNDP
- UNICEF
- ERASMUS